Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-333/9
Датум: 19-09-2025

Постапувајќи по претставка бр. 08-333/1 од 27. 3.2025 година поднесена од ----- против -----, ----- и ----- за извршена дискриминација врз основ на лично својство во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

# М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на лично својство во областа на работата и работни односи од страна на ----- врз -----.

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на лично својство во областа на работата и работни односи од страна на ----- и ----- врз -----.

## О б р а з л о ж е н и е

На 27.03.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација, од страна на подносителката -----, доскорешна вработена во -----, против -----, поранешен вд директор на -----, -----, членка на УО на ----- и -----, претседател на СО -----, за за извршена дискриминација врз основ на лично својство во областа на работа и работни односи.

Во претставката подносителката наведува дека била вработена во ----- со договор на определено време – до крајот на 2024 година, на работно место -----. Таа се жали дека од поставувањето на ----- за вд директор на институцијата, на ----- година, па до крајот на нејзиниот работен ангажман во институцијата била дискриминирана од вд директорот врз основа на лично својство. Најпрво во претставката таа наведува дека претходната вд директорка на -----, -----, во јули 2024, до Министерството ----- доставила барање за трансформација на работниот однос на 15 вработени на определено време во институцијата, меѓу кои и подносителката на претставката. Според наводите во поднесената претставка, единственото работно место ----- во институцијата, засновано на работен однос на неопределено време, се испразнило поради пензионирање на работникот -----. Имајќи предвид дека подносителката на претставката повеќе од две години била ангажирана на истото работно место врз основа на договор за вработување на определено време, таа смета дека ги исполнува законските услови за трансформација на работниот однос од определено во неопределено време, согласно член 46 став 4 од Законот за работни односи, согласно кој *работниот однос заснован со договор за вработување на определено време може да се трансформира во работен однос на неопределено време и пред истекот на рокот од*

*ставот (1) на овој член, ако работникот работи повеќе од две години на работно место кое е ослободено по основ на пензионирање или други основи и за кое се обезбедени финансиски средства, доколку работодавачот утврди дека има трајна потреба од работникот, под услови и на начин утврдени со закон.* По своето назначување, вд директорот ----- не ја довршил започнатата постапка за трансформација на работниот однос на подносителката, туку со едноставно образложение навел дека институцијата нема итна потреба од работно место ----- засновано на работен однос на неопределено време. Според наводите на подносителката, симптоматично е тоа што институцијата, само неколку недели пред назначувањето на ----- за вд директор, утврдила дека постои итна потреба од работно место ----- на неопределено време и започнала постапка за трансформација на нејзиниот работен однос, додека веднаш по неговото стапување на функцијата, без да направи соодветна проценка и анализа и без да достави образложение, тој утврдил дека таква потреба не постои. Дополнително, подносителката наведува дека е симптоматично и тоа што вд директорот утврдил дека нема потреба од трансформација на нејзиниот работен однос од определено во неопределено време, но истовремено поднел барање до Министерството за финансии за добивање одобрение за вработување „ ----- “ на определено време до крајот на 2025 година, кое барање било одбиено од страна на Министерството за финансии.

Понатаму, подносителката во претставката наведува дека вд директорот го забранил, односно го ограничил нејзиното влегување во зградата на ----- после завршувањето на работниот однос, со поставување лист на пријавницата на институцијата, на кој е наведено дека подносителката и уште 5 лица може да се пуштат во институцијата само со претходна дозвола. Воедно, подносителката наведува дека таа го фотографирала споменатиот лист и дека заради истото и бил вршен притисок и добивала закани од вд директорот. За овие тврдења подносителката достави фотографија од споменатиот лист.

Подносителката наведува дека и нејзиниот уметнички профил на веб страната на ----- бил привремено избришан. Имено, на веб страната институцијата ги има наведено повеќето уметници со коишто има соработувано, вклучително и подносителката. Но видно од изводок од веб страната (print screen) од 15.01.2025 уметничкиот профил на подносителката бил избришан.

Подносителката се жали и за јавно дискредитирање на нејзината личност, интегритет и кредибилитет преку објавување демант од страна на ----- во медиумите на ----- година, во кој, според подносителката, се наведени лаги, манипулации и недоследности.

Понатаму, подносителката се жали на дискриминација од страна на вд директорот и во отстранување од стручно тело, кое одлучува за избор на ----- по објавен конкурс. Според наводите на подносителката, таа добила задача од претходната вд директорка да биде дел од ова стручно тело и учествувала во подготовка на пропозициите,

критериумите и условите кои треба да се застапени на конкурсот. Со доаѓањето на ----- на функцијата вд директор подносителката вели дека само таа била тргната од телото како единствена жена ----- од институцијата и за учество во телото бил ангажиран надворешен соработник. При тоа таа не добила никакво писмено известување и образложение од вд директорот за тргањето од телото, туку од страна на вд директорот, согласно нејзините наводи, и било кажано дека тој ја сменил и дека тоа е негова одлука.

Во однос на наводите за потенцијална дискриминација од страна на членката на Управниот одбор -----, подносителката наведува дека ----- кон неа постапувала тенденциозно, дискриминирачки и непрофесионално, со што ѝ било оневозможено вршење на ----- дејност во рамки на -----. Според подносителката, до назначувањето на вршителот на должност директор -----, годишната програма на институцијата се изработувала од страна на ----- одбор составен од ----- од -----, дел од ----- тим и реномиран ----- од странство. Ова тело едногласно предложило подносителката да биде вклучена во јубилејната програма по повод ----- -годишнината на институцијата и да настапи на ----- закажан за ----- година. Сепак, Управниот одбор на институцијата, предводен од ----- во својство на заменик-претседателка (во отсуство на претседателот), донел одлука подносителката да биде избришана од програмата, без притоа да даде било какво образложение. Согласно наводите на подносителката, таа била единствената ----- од државата која била исклучена од програмата. Дополнително, подносителката вели дека УО на институцијата, под влијание на -----, одлучил таа да не влезе во ниту една програма на институцијата за следните 2 години.

Во однос на наводите за потенцијална дискриминација од страна на претседателот на синдикалната организација при -----, -----, подносителката наведува дека таа го исконтактирала претседателот на синдикалната организација во однос на проблемот со трансформација на работниот однос. Тој ѝ ветил на подносителката дека ќе поразговара со вд директорот на институцијата, но по кратко време веќе не одговарал на нејзините повици, а преку порака ја известил дека отпатувал во ----- и дека откако ќе се врати ќе поразговара со директорот. Подносителката, на -----, откако била известен дека и завршил работниот однос, повторно му испратила порака на претседателот на синдикалната организација, а тој и вратил дека разговарал со директорот и закажал седница на синдикатот на ----- година со единствена точка на дневниот ред – разгледување на ситуацијата со 5 доскорешни вработени на определено време, кои останале без работа, вклучително и подносителката. Таа наведува дека повеќето колеги биле ослободени од работа до 13.01.2025, па на седницата на синдикатот имало малку луѓе. Претседателот заради ниската посетеност не сакал да ја одржи седницата, но после укажувањата од присутните дека согласно Правилникот за работа на синдикатот, седница може да се одржи и без кворум, но на истата може само да се дискутира, без притоа да се носат одлуки. Подносителката наведува дека на седницата претседателот изјавил дека *тоа што нема дојдено луѓе самото треба да ви каже дека не им е гајле на вработените за вас.* Дополнително,

подносителката вели дека претседателот на синдикалната организација во ниту еден момент не дал сугестии или насоки како да се постапи понатаму во насока на враќање на работа на доскорешните вработени кои останале без работа затоа што не им биле трансформирани работните односи. Тој не изреагирал никако во однос на прекршувања на работничките права на споменатите работници, а дополнително, согласно наводите на подносителката јавно агитирал во колективот да се протестира против еден од кандидатите за нов вд директор на институцијата кој бил од албанска етничка припадност.

На 07.04.2025, согласно чл. 24, ст. 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ја достави претставката за произнесување до -----, поранешен вд директор на -----, -----, членка на УО на ----- и -----, претседател на СО -----.

На 15.05.2025 до Комисијата беше доставен поднесок за произнесување по наводите од претставката од -----. На 16.05.2025 до Комисијата беше доставен поднесок за произнесување по наводите од претставката од -----, преку полномошник -----. На 25.05.2025 до Комисијата беше доставен поднесок за произнесување по наводите од претставката од -----.

Во поднесокот за произнесување од поранешниот вд директор -----, преку полномошник ----- се наведува дека наводите содржани во претставката, како и прилозите кон истата, се целосно неосновани и неиздржани. Според наводите, претставката не содржи основана аргументација, ниту пак доказна документација врз основа на која би можело да се утврди дека ----- извршил дискриминација врз подносителката по кој било основ. Во однос на наводите за наводна дискриминација преку ограничување на влезот на подносителката во институцијата, во поднесокот се истакнува дека тие се неосновани. Како образложение се наведува дека ----- има строго воспоставени процедури за пристап до службените простории, согласно кои вработените пристапуваат во просториите со службени картички, додека надворешни лица можат да влезат единствено по претходна најава, со одобрување од директорот и задолжително регистрирање кај службата за обезбедување на влезот. Во поткрепа на ова тврдење, како доказ е приложен Правилникот за работен ред и дисциплина на -----, при што е конкретно посочен член 12 од истиот. Следствено на тоа, а имајќи предвид дека подносителката не била вработена во институцијата на -----, па оттука не и бил забранет влез во институцијата, туку и било дозволено како надворешно лице да влезе и да ги подигне личните предмети по претходна најава и одобрение од директорот. Во поднесокот за произнесување се наведува дека подносителката во оваа смисла не била третирана понеповолно или поинаку од останатите надворешни лица.

Натаму, во поднесокот се вели дека се неосновани наводите за вербални закани упатени од вд директорот кон подносителката. Имено, во поднесокот се наведува дека во затворениот дел од влезот (пријавница), кој подносителката го фотографирала, се

чува документација која содржи податоци и информации со доверлив карактер и треба да се третира до одреден степен со тајност, па логично неовластени лица не би требало да го фотографираат овој простор. Оттука, согласно наводите во поднесокот, комуникацијата на вд директорот со подносителката била во насока дека не е во ред да се фотографира овој простор и дека фотографирањето на документи со доверлив карактер претставува основ за кривична одговорност.

Во однос на наводите за бришење на уметничкиот профил на подносителката, се наведува дека истите се неосновани и дека поставениот уметнички профил на подносителката од 13.04.2021 година не е менуван, ниту бришен, за што како доказ се доставува извадок од администраторскиот дел на интернет страната на ----- од -----. Во поднесокот се наведува дека тоа што во конкретен момент не можело да се пристапи до профилот на подносителката е резултат на одреден технички проблем.

Во однос на наводите за дискриминација врз подносителката со неспроведување на постапката за трансформација на работниот однос, во поднесокот се наведува дека подносителката свесно склучила договор за вработување на определено време во ----- на работно место -----. Со склучувањето на ваквиот договор, таа очигледно се согласила со правните последици кои настануваат по истекот на времетраењето на овој договор, односно престанок на работниот однос. Дополнително, се наведува дека тогашниот вд директор ----- согласно чл. -----, став ----- и ----- од Законот за ----- изготвил барање за продолжување на согласноста на Министерството за финасии за вработување за наредната 2025 година, арх бр ----- од -----, кое е доставено до Министерството за ----- на -----. Видно од содржината на барањето , со истото за работно место Стручен соработник за -----, на кое била вработена подносителката, побарана е финансиска согласност за вработување за лице на определено време од 1 година, односно за 2025 година. Од страна на Министерството за финансии не е издадена финансиска согласност за продолжување на договорот за вработување на подносителката, па оттука настапиле и условите за негов престанок заклучно со -----.

На крајот од поднесокот за произнесување се наведува дека се неосновани наводите за дискриминација и нееднаков третман од страна на вд директорот ----- поврзано со избор на стручно тело за избор на ----- од ----- по објавен конкурс. Имено, во поднесокот се укажува дека од страна на ----- на ----- објавен е Конкурс за нарачка на -----, заведен под бр. ----- од -----. Конкурсот е потпишан од страна на тогашната вд директорка -----. Во иститот е предвидено дека ----- ќе ги оценува 7 члена комисија составена од реномирани македонски и меѓународни -----. При тоа таква комисија не е формирана во време на распишување на конкурсот, односно тоа е оставено за подоцна, во периодот предвиден за оценување на -----. Согласно распишаниот конкурс краен рок за достава на ----- до ----- бил ----- година, додека вд директорот ----- е именуван на функцијата на ----- година. Согласно чл. ----- од Законот за ----- и чл. ----- од Статутот -----, формирањето на -----, стручни совети и комисии и други советодавни тела (трајни и повремени) е во исклучива дискрециона надлежност на директорот на

установата. Оттука тогашниот вд директор ----- на ----- со решение ----- формирал жири комисија за ----- по повод ----- годишниот јубилеј на установата. Со тоа тој постапил во согласно со закон и статут. Согласно наведеното, подносителката не можела да биде тргната од тоа тело, во услови кога таа никогаш не била именувана за член на такво тело.

Имајќи го предвид сето изнесено во поднесокот, се наведува дека јасно произлегува оти поранешниот в.д. директор Котевски не презел никакво дејствие во однос на подносителката кое би можело да претставува дискриминација по кој било основ во смисла на одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација, поради што полномошникот на в.д. директорот предлага Комисијата да донесе мислење со кое ќе утврди дека во конкретниот предмет нема дискриминација.

Во поднесокот за произнесување од членката на УО на -----, -----, а во однос на наводите за дискриминација на подносителката преку нејзино тргање од програмата за настап на ----- годишниот јубилеј на -----, се наведува дека согласно Деловникот за работа на УО, одлуките заклучоците и другите акти на УО се носат со мнозинство гласови од вкупниот број присутни членови на Управниот одбор. Оттука, ----- наведува дека тоа што подносителката ја издвојува нејзе од останатиот состав на УО со сите искажани невистини и празни обвинувања, претставува дискриминација врз неа на етничка и професионална основа. Воедно, во поднесокот се наведува дека планирањето на програмите и концертите на ----- минуваат неколку етапи и филтри. ----- совет ја прави предлог програмата на институцијата за секоја ----- сезона. -----, како дел од УО не може да биде дел од овој совет, па оттука не може ни да влијае на работата на истиот. Од друга страна, таа наведува дека не може да влијае ниту на тоа како ќе гласаат останатите членови на УО, а крајно таа нема индивидуална одлучувачка моќ да одлучи дали некој ќе биде дел од програмата или не, бидејќи ова го одлучува УО со мнозинство гласови. На крај, ----- наведува дека таа не ја дискриминирала подносителката и бара претставката да биде отфрлена.

Во поднесокот за произнесување од претседателот на синдикалната организација при -----, ----- се наведува дека се неосновани наводите од претставката дека тој извршил дискриминација врз подносителката. Тој наведува дека остварил разговор со вд директорот -----, на која бил информиран дека се поднесени соодветни барања за продолжување на постоечките согласности, со цел продолжување на договорите за вработување на определено време, вклучително и на подносителката. Понатаму, тој кажува дека посочената седница на синдикатот во претставката била закажана на 08.01.2025 затоа што повеќе вработени од него побарале да закаже седница во најкраток можен рок затоа што финансиските согласности не биле пристигнати. Прв слободен датум за тоа бил датумот на кој се одржала седницата. На истата присуствувале 24 членови, што согласно Статутот на синдикалната организација не е доволно за донесување одлуки. Дополнително, во поднесокот се наведува дека подносителката никогаш не побарала правна помош од претседателот на

синдикалната организација, ниту од адвокатот на синдикалната организација, односно не побарала да се поведе судски спор против решението со кое и престанува работниот однос, ниту подоцна побарала да се поведе судски спор. Оттука, тој како претседател на синдикална организација нема никакви законски или било какви надлежности да поднесе барање за продолжување на финансиските согласности, ниту пак има можност истото да му го наложи на директорот на институцијата, ниту истото може да му го наложи на Министерството за финансии. Во продолжение тој ги отфрла како неосновани наводите дека агитирал во членството против сегашниот директор на -----, кој е од албанска етничка припадност и кажува дека за истото подносителката не доставува никаков доказ, туку го сведува на ниво на "чаршиски муабети". Врз основа на сето наведено тој заклучува дека не ја дискриминирал подносителката и бара претставката да биде отфрлена.

Имајќи ги предвид наводите и доказите од претставката, наводите и доказите од поднесоците за произнесување, Комисијата донесе мислење дека во конкретниот случај е извршена директна дискриминација од поранешниот вд директор ----- врз подносителката врз основа на нејзиното лично својство, во областа на работата и работните односи. Подносителката во наводите од претставката кои се однесуваат на незавршувањето на постапката за трансформација на работниот однос од определено во неопределено време, забраната, однонсно ограничувањето на влезот во институцијата и временото бришење на нејзиниот уметнички профил, го направи веројатно тврдењето за дискриминација и товарот на докажување, согласно чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација беше префрлен на лицето против кое е поднесена претставката. Во поднесокот за произнесување, -----, преку својот полномошник, не успеа да докаже дека има легитимна цел и оправданост позади одлуката да не се комплетира постапката за трансформација на работниот однос на подносителката во определено во неопределено време. Од доставената доказна документација од подносителката, неспорно е дека таа била вработена со договор на определено време повеќе од две години. Дополнително, неспорно е дека единствениот Стручен соработник за -----, кој бил вработен во ----- на неопределно време се пензионирал и неговото работно место било испразнето. Неспорно е дека поранешната вд директорка ја констатирала потребата од пополнување на испразнетото работно место нототекар, со вработување лица на неопределено време. Понатаму, неспорно е дека таа ја започнала постапката за трансформација на работниот однос на подносителката од определено во неопределено време со цел пополнување на испразнетото работно место, а подносителката ги исполнувала условите за трансформација на работното место, согласно член 46 став 4 од Законот за работните односи, согласно кој работниот однос заснован со договор за вработување на определено време може да се трансформира во работен однос на неопределено време и пред истекот на рокот од ставот (1) на овој член, ако работникот работи повеќе од две години на работно место кое е ослободено по основ на пензионирање или други основи и за кое се обезбедени финансиски средства, доколку работодавачот утврди дека има трајна потреба од работникот, под услови и на начин утврдени со закон. Во

поднесокот за произнесување, ----- не ја навел причината поради која не ја завршил започнатата постапка. Дополнително, останува спорно врз основа на каква претходна анализа и проценка го изменил првичниот став на институцијата дека постои потреба од вработување ----- на неопределено време, и тоа само неколку недели откако таквата потреба била утврдена, односно непосредно по неговото назначување на функцијата. Симптоматично е и тоа што, и покрај изменетиот став, тој сепак побарал согласност за вработување ----- на определено време, во траење од една година. Дополнително, во однос на забраната, односно ограничувањето на влезот на подносителката, в.д. директорот ----- не докажал постоење на легитимна цел и оправданост за поставување на листа на која изрично било наведено дека подносителката може да пристапи во институцијата исклучиво со претходна дозвола. Комисијата ја разбира потребата од регулирање на внатрешниот ред и дисциплина во институцијата, вклучително и начинот на присуство на надворешни лица во објектот. Иако Комисијата оценува дека не е спорно правилото според кое надворешните лица може да влезат во објектот само со претходна најава и одобрение од директорот, останува спорно зошто името на подносителката било јавно објавено на пријавницата, со дополнително нагласување дека таа може да биде пуштена во институцијата единствено со претходно одобрение, доколку ова правило важи подеднакво за сите надворешни лица. Последно, во поднесокот за произнесување, ----- не успева да докаже дека временото бришење на уметничкиот профил на подносителката претставува резултат на техничка грешка. Имено, како доказ за активноста на профилот на подносителката доставен е извадок (print screen) од администраторскиот дел на веб-страницата на ----- на РСМ, во кој е наведено дека уметничкиот профил бил поставен на 13.04.2021 година и од тогаш не бил менуван, ниту бришен. Меѓутоа, од увидот во доставениот извадок неспорно произлегува дека во долниот десен агол стои податок дека уметничкиот профил на подносителката бил последен пат уредуван на ----- година, односно само неколку дена по нејзината реакција и забелешка дека профилот бил отстранет од веб-страницата. За ова, подносителката доставила и доказ – извадок (print screen) приложен кон претставката.

Оттука, имајќи ја предвид поврзаноста на сите преземени дејствија од страна на поранешниот вд директор ----- во релативно краток временски период, а кои биле директно насочени кон подносителката, без притоа да биде утврдена легитимна цел или оправданост за нивно преземање, произлегува дека подносителката била ставена во понеповолна положба во споредба со останатите колеги, поради нејзино лично својство. Со тоа, се исполнети условите за постоење на директна дискриминација, во смисла на член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој утврдува дека ***директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.***

Во однос на наводите од претставката на подносителката за сторена дискриминација од страна на членката на Управниот одбор на -----, -----, Комисијата утврди дека дејствијата кои подносителката ги наведува како дискриминаторски се дејствија на Управниот одбор како колективно тело, преземени во согласност со Законот за -----, Статутот на ----- и Деловникот за работа на Управниот одбор. -----, како членка на колективното тело кое одлуките ги донесува со мнозинство гласови, нема индивидуална надлежност за одлучување, не може самостојно да носи одлуки, ниту пак може еднострано да влијае врз гласањето на останатите членови на Управниот одбор. Исто така, Комисијата оцени дека оспорените одлуки на Управниот одбор, кои подносителката ги наведува како спорни, се донесени во законски и подзаконски уредена постапка и дека со нив не се прекршуваат права. Оттука, имајќи предвид дека не постои прекршување на права, не може да се утврди ни дискриминација, како посебна форма на повреда на права врз основа на заштитна карактеристика, во споредба со друго лице или група лица. Врз основа на наведеното, Комисијата заклучи дека во конкретниот случај членката на Управниот одбор, -----, не сторила дискриминација врз подносителката по основ на лично својство, во областа на работата и работните односи.

Во однос на тврдењата од претставката на подносителката за сторена дискриминација од страна на претседателот на синдикалната организација при -----, -----, Комисијата ценеше дека истите не го прават тврдењето за дискриминација веројатно. Имено, подносителката не наведува кои точно дејствија преземени од страна на ----- претставуваат дискриминација. Од друга страна, ценејќи ги наводите од претставката и поднесокот за произнесување на -----, Комисијата оцени дека претседателот на синдикатот закажал седница на синдикатот по барање на членови на синдикатот во најкус можен рок, а на самата седница не присуствувале доволно членови за синдикатот да има кворум за носење одлуки. Оттука, претседателот на синдикатот ниту презел, ниту пропуштил да преземе одредени дејствија кои би претставувале дискриминација кон подносителката врз основа на лично својство или било која друга заштитна карактеристика, во смисла на Законот за спречување и заштита од дискриминација. Оттука, Комисијата заклучи дека во конкретниот случај претседателот на синдикалната организација при -----, ----- не сторил дискриминација врз подносителката по основ на лично својство во областа на работата и работните односи.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова Мислење и согласно член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** ----- да ѝ се извини на ----- за сторената дискриминација врз основа на лично својство во областа на работата и работните односи. ----- потребно е **да го**

**исполни препорачаното во рок од 30 дена од приемот на ова Мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.**

**Доколку лицето не постапи согласно оваа препорака,** Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.**

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- -----
- -----
- -----
- -----